# Изложба на слики на Цане Јанкулов

ВЕДНАШ по затворањето на изложбата на Томе Андреевски, имавме можност да ја видиме, во истите простории, сликарската изложба на Цане Јанкуловски.

Опафаќајќи извесен број слики од последните години, изложбата на Јанкуловски го привлече вниманието на ликовната публика од неколку аспекти. Во неговата изложба откриваме една ликовна физиономија, која, иако Јанкуловски нема завршено ликовна академија туку само Школа за применета уметност во Скопје, е означена со квалитети што ги надминуваат рамките на култивиран аматеризам и зборуваат за посебна творечка индивидуалност, на добар пат поцелосно да се оформи. Не значи тоа дека и сега Јанкуловски, во овој момент од неговото ликовно траење, нема создадено елементи што можеме да ги сметаме како производ на неговата спонтано опредметена творечка потенција. Сите негови слики, без разлика дали можат да наведат на реминисценции за некоја од современите школи на ликов-

ната уметност или за некоја одделна ликовна фигура, носат печат на нешто што можеме да го наречеме личен зафат во ликовната проблематика, особено по линија на користење на изразните средства на ликовната уметност.

Јанкуловски во потполност, свесно или по диктат на некој друг момент, се поврзува со она што е создадено во апстрактното сликарство. Кај него тоа се изразува со една тотална негација на визуелната стварност во нејзината материјална конзистентност. Предметниот свет е укинат во неговите слики по линија на својата формална компонента. Апстрактното сликарство на Јанкуловски е во допир, со тоа, со голем број правци во современата апстрактна уметност. Ако го анализираме неговото творештво од овој аспект, уочуваме дека постои една внатрешна противречност. Јанкуловски се обидува со насловите на своите слаки, што асоцираат мошне конкретни претстави од животот и од предметниот свет, да најде врска меѓу ликовното обликување на своите слики и она што неминовно мора да биде и е основа, апсолутен предуслов на секое уметничко творештво: естетското доживување на уметникот на совокупноста од феномените на објективната стварност, нивното кристализирање во одредена естетска и творечка стварност. Меѓутоа, во добар дел случаи, ова настојување само ја доведува во прашање вистинската определеност на Јанкуловски спрема резултатите на својата ликовна дејност. Се разбира, неговите творби се наситени со една внатрешна психолошка проблематика, често мошне спонтано изразена. Иако таа зборува и за една се уште недоволно вообичаена естетска култура и рафинман. Искреноста, емоционалната наситеност на неговите креации, нивното остварување во творби што ги доживуваме како потреба на Јанкуловски да ја искаже својата се уште недооформена концепција за проблемите што го окупираат како уметник и како човечка личност, прават да очекуваме оти сме присутни на раѓање на еден ликовен израз со сопствена творечка ориентација.

Јанкуловски открива посебни вредности во поглед на користењето на ликовните елементи. Очигледната сензибилност за бојата, за пиктуралните вредности на една ликовно богата и облагородена фактура, се можеби најбитните квалитети на ова сликарство. Внесувајќи во нашата ликовна уметност новини во поглед на користење разновиден, често „неликовен" материјал, Јанкуловски не ги заборава законите на добриот ликовен „занает". Неговите слики, во кои колористичката гама е мошне широка, се често мошне издржани токму од овој аспект. Тоа особено можеше да се види во неговите творби „Илинден 1903", „Семејство", „Ровја", „Казанџилница", „Индустрија" итн. Таа облагородена фактура во ликовна смисла на зборот е елемент од кој овој млад уметник, полн со инвентивност на овој план, ја наоѓа најцврстата основа за своето идно уметничко изградување. Треба несомнено да се постави прашањето дали ова досегашно ориентирање кон апстрактниот ликовен израз е единствената можност Јанкуловски да егзистира како уметничка индивидуалност. Ова е покана да ги прошири границите на својата ликовна поставка и внатрешното осмислување на своето творештво.